До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на стручен одговор во однос на тоа, при спроведување на јавна набавка во јавна установа од мала вредност, дали може да се пријави блиско лице (внук) на лице за јавни набавки во истата јавна установа, односно дали постои судир на интереси во конкретниот случај.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно своите надлежности од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија,, бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издаде следново:

## МИСЛЕЊЕ

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 и член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 80 став 3 алинеја 4 од Законот за јавните набавки, во конкретниот случај постои потенцијален судир на интереси што може да доведе до состојба на судир на интереси доколку само лицето за јавни набавки учествувате во изработката на тендерската документација за јавна набавка, на која подоцна ќе се пријави негово блиско лице.

Согласно член 72 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, секое службено лице, во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

При утврдувањето дали постои состојба на потенцијален судир на интереси, мора да се земат во предвид сите реалации кои што потенцијално може да влијаат на непристрасноста во извршувањето на службената должност и овластувања.

Состојбата на потенцијален судир на интереси како ситуација може да прерасне во реален (фактички) судир на интереси во случај кога барателот на мислењето ја подготвува, а може и да ја прилагоди тендерската документација за јавната набавка, за потребите на негово блиско лице. Заради тоа, за да се

избегне било каква ситуација за пристрасност од негова страна, Државната комисија за спречување на корупцијата смета дека овој потенцијален судир на интереси треба да се избегне.

Имено, Државната комисија Ви укажува на тоа дека, **за да се избегне наведениот потенцијален судир на интереси, потребно е при подготовката на тендерската документација од страна на наведеното лице, задолжително да учествува и Комисијата за јавни набавки од истата јавна установа, согласно член 79 став 2 алинеја 1 од Законот за јавните набавки**.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**